**КАРТИЧКА ЗА ПАЦИЕНТОТ**

**ELYES (apixaban)**
**Картичка за пациентот**
**Оваа картичка треба да биде секогаш со Вас/ детето/старателот**

**Покажете ја оваа картичка на Вашиот лекар, стоматолог или друг здравствен работник кој Ве лекува.**

**Јас сум на антикоагулантна терапија со лекот Elyes (апиксабан) кој спречува згрутчување на крвта.**

**Ве молиме пополнете го овој дел или побарајте од Вашиот лекар да го пополни:**
Име и презиме:
Датум на раѓање:
Индикација:
Доза: mg двапати на ден
Име и презиме на лекар:
Телефонски број на лекарот:

**Информации за пациенти/старатели**

- Земајте/давајте го Elyes редовно, според упатството. Ако пропуштите утринска доза, земете ја/дајте ја штом ќе се сетите или заедно со вечерната доза. Пропуштената вечерна доза може да се зема/дава само во текот на иста вечер. Не смеете да земате/давате две дози следното утро, туку следниот ден требате да продолжите според вообичаениот распоред на земање два пати на ден, како што е препорачано.
- Не престанувајте да земате/давате Elyes без разговор со лекар, со оглед дека имате/пациентот има ризик од мозочен удар/згрутчување на крвта или други компликации.
- Elyes помага во разредување на крвта. Сепак, ова може да го зголеми ризикот од крварење. Знаците и симптомите на крварење вклучуваат создавање на модринки или крварење под кожата, црно обоена столица, крв во урината, крварење од носот, вртоглавица, замор, бледило или слабост, ненадејна силна главоболка, искашлување на крв или повраќање крв.
- Доколку крварењето не запре само од себе, **веднаш побарајте медицинска помош.**
- Ако одите/пациентот оди на операција или било каква инвазивна процедура, известете го лекарот дека земате/пациентот зема Elyes.

**Информации за здравствени работници**

- Elyes (апиксабан) е орален антикоагуланс, кој делува со директна селективна инхибиција на факторот Xa.
- Elyes може да го зголеми ризикот од крварење. Во случаи на тешко крварење, веднаш да се прекине со употребата на лекот.
- Лекувањето со лекот Elyes не бара рутинско следење на изложеноста. Калибрираното квантитативно одредување на содржината на анти-фактор Xa може да биде корисно во исклучителни ситуации, како што се предозирање и итна хируршка интервенција (тестови за коагулација: протромбинско време

(PT), меѓународен нормализиран соодносс (INR) и активирано парцијално тромбопластинско време (aPTT) не се препорачуваат) – видете во Збирниот извештај за особините на лекот.

- Достапен е лек за реверзија на анти-фактор Xa активноста на апиксабан за возрасни лица. Сепак, неговата безбедност и ефикасност не се утврдени кај педијатриски пациенти (видете го Збирниот извештај за особините на лекот за андексанет алфа).

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE SHKUP СКОПЈЕ

Верзија 2, Декември 2025